Тимот на Цивика мобилитас кон крајот на јули започна со серија посети на своите своите грантисти чии проекти се спроведуваат во моментов или веќе завршиле, а чиј број е [208 организации](#)
. Целта на оваа турнеја е одблиску
**да се види работата на организациите, да се слушнат нивните искуства од проектите**
како и
**да дадат препораки**
кои во иднина можат да ѝ послужат на програмата за нејзино усовршување.



„Разговорот и споделувањето искуства на лице место овозможува да се добијат многу повеќе информации од  оние што се презентирани во формалните извештаи. Во нив не е возможно да допреме до човечкиот фактор, подемите и падовите за време на проектот, мотивацијата за работа и преминувањето на препреките,“ – објасни Петруш Тоинес, интернационален тим лидер на Цивика мобилитас.

Посветениот тим на програмата верува дека ова е одличен начин обичните луѓе да разберат **за што се залагаат организациите, кои се нивните постигнувања и како тие секојдневно ги менуваат животите на илјадниците граѓани во чие име се борат**
. За таа цел, оваа турнеја ќе резултира со бројни
[патувачки приказни](#)
кои ќе ѕирнат зад кулисите и ќе ги откријат темелите на граѓанското општество.

